Врз основа на член 9 став 4 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Занаетчискиот регистар.

Член 2

Занаетчискиот регистар се води во форма на тврдо вкоричена книга со димензии 430 x 300 мм на евиденциските листови кои се поврзани и нумерирани. Книгата е со сини корици и на предната страна има натпис од букви со златна боја: „Занаетчиски регистар“.

Евиденцискиот лист од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

1. реден број;
2. регистарски број;
3. име, татково име и презиме на занаетчијата/носител на занаетчиска дозвола;
4. ЕМБГ на занаетчијата/ЕМБС на ТП на ТД;
5. адреса на живеење на занаетчијата, вршителот на занаетчиска дејност;
6. стручна подготовка;
7. број и датум на решението за упис/занаетчиска дозвола;
8. назив на фирма на занаетчијата/ТП, ТД и скратен назив на фирмата;
9. седиште на занаетчијата/ТП, ТД, телефон, e-mail адреса, WEB страна;
10. занаетчиски дејности (шифра и назив);
11. вид на занаетчиска дејност (занаетчиско производство, занаетчиски услуги, дејност на домашно и уметничко занаетчиство);
12. работни простории;
13. претежна занаетчиска дејност;
14. број на вработени;
15. привремено запирање со вршење на занаетчиска дејност, основ, број и датум на решението;
16. известување за продолжување со вршење на занаетчиска дејност;
17. податоци за лицето кое времено ја врши занаетчиската дејност во случај на

смрт на занаетчијата;

18. престанок на занаетчиска дејност/занаетчиска дозвола, основ, број и датум на решението и
19. забелешка .

Формата и содржината на Занаетчискиот регистар се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Во Занаетчискиот регистар се внесуваат податоците од член 2 став 2 на овој правилник, како и сите промени што ќе настанат по извршеното впишување.

На еден евиденциски лист од Занаетчискиот регистар се впишуваат податоци само за еден занаетчија.

По пополнувањето на евиденцискиот лист на Занаетчискиот регистар се отвора нов евиденциски лист на кој се означува страната од Регистарот од која е извршен преносот на поранешната страна, како и бројот на новата страна на Регистарот.

Член 4

Занаетчискиот регистар се води во пишана и електронска форма.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на Регистарот на занаетчии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/04).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. ______________________ Министер за економија,

Скопје, ___________________ Крешник Бектеши

ПРИЛОГ

ЗАНАЕТЧИСКИ РЕГИСТАР

1.	реден број
2.	регистарски број
3.	име, татково име и презиме на занаетчијата/носител на занаетчиска дозвола
4.	ЕМБГ на занаетчијата/ЕМБС на ТП на ТД
5.	адреса на живеење на занаетчијата, вршителот на занаетчиска дејност
6.	стручна подготовка
7.	број и датум на решението за упис/занаетчиска дозвола
8.	назив на фирма на занаетчијата/ТП, ТД и скратен назив на фирмата
9.	седиште на занаетчијата/ТП, ТД, телефон, e-mail адреса, WEB страна
10.	занаетчиски дејности (шифра и назив)
11.	вид на занаетчиска дејност (занаетчиско производство, занаетчиски услуги, дејност на домашно и уметничко занаетчиство)
12.	работни простории
13.	претежна занаетчиска дејност
14.	број на вработени

15.	привремено запирање со вршење на занаетчиска дејност, основ, број и датум на решението
16.	известување за продолжување со вршење на занаетчиска дејност
17.	податоци за лицето кое времено ја врши занаетчиската дејност во случај на смрт на занаетчијата
18.	престанок на занаетчиска дејност/занаетчиска дозвола, основ, број и датум на решението
19.	забелешка